# Службен гласник

на Општина Струмица

| Број 19 | **Понеделник, 12 декември 2016 год.** |
|---|---|

*www.sgrumica.gov.mk*


## С о д р ж и н а

**Комисија за општествени дејности при Советот на општина Струмица**


**423.** **Одлука** за доделување на годишна награда и награда за животно дело “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици” за 2016 година ................................ 1

**424.** **Одлука** за доделување награди по распишаниот награден Конкурс за литературни творби (поезија), посветени на градот Струмица ...... 3


---

**423.**

Врз основа на член 10 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), и членовите 2, 4 и 37 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна општинска награда “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици (“Сл. гласник на општина Струмица” број 19/07,23/09,25/09), Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.11.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување на годишна наградата “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици” и награда за животно дело на општина Струмица “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици” за 2016 година**

**I**

Годишната награда на општина Струмица “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици” за 2016 година како признание на Општина Струмица за посебни остварувања се доделува на:

1. **М-р Ана Витанова Рингачева**– за особен придонес во областа на наука, литература и култура;
2. **Александра Јанева**– за особен придонес во областа на музичката дејност;
3. **Билјана Серафимовска** - за особен придонес во областа на алпинизмот;
4. **Васка Тасева** – за особен придонес во областа на образованието и културата;
5. **Горан Кукиќ** - за особен придонес во областа на музичката дејност;
6. **Атанас Пандев**- за особен придонес во областа на хуманоста и крводарителството;
7. **Проф.Даница Стојанова** – за особен придонес во областа на музичката уметност и култура;

**II**

Како општествено признание за вонредно значајни остварувања од посебен интерес на Општина Струмица и Република Македонија, се доделува наградата “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици” за животно дело во 2016 година, на:

**Иван Котев** – за особен придонес во областа на наука, литература и култура.

Наградата за животно дело се состои од диплома, плакета, брозен медал и парични средства во износ од четири просечни нето плати исплатени во Република Македонија во прдходната година.

Наградата на физички лица се состои од диплома, плакета и парични средства во износ од една просечна нето плата исплатена во Република Македонија во предходната година.

Наградата на правни лица се состои од диплома, плакета и бронзен медал.

III

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”

Комисија за општествени дејности
при Совет на општина Струмица
П р е т с е д а т е л,
Петар Божинов с.р.

Бр. 08-7765/12
01.12.2016 год.
С т р у м и ц а

...................................................

**424.**

Комисијата за општествени дејности, при Советот на општина Струмица, на ден 29.11.2016 година донесе

**О д л у к а**
**за доделување награди по распишаниот**
**награден Конкурс за литературни творби (поезија),**
**посветени на градот Струмица**

Член 1

Наградите се доделуваат во четири категории и тоа:

**Во категорија** – основните училишта од 1-5 одделение;
**Во категорија-** основни училишта од 5-9 одделение;
**Во категорија** – средни училишта;
**Во категорија** – возрасни творци.

Наградите во категорија основни училишта и категорија-средни училишта се диплома - материјални во книги, а наградите во категорија – возрасни творци се диплома и парични средства и тоа:

Прва награда во категорија возрасни творци 6000 денари;
Втора награда во категорија возрасни творци 4000 денари и
Трета награда во категорија возрасни творци 2000 денари.

**I**

**Во категоријата – основните училишта од 1-5 одделение** се наградуваат литературно-поетските состави и тоа:

**Со прва награда** се наградува: **Костадин Горгиев** ученик во ООУ„Даме Груев"с.Свидовица.

**Со втора награда** се наградува :**Теа Коцева** ученичка во ООУ„Никола Вапцаров"од Струмица;

**Со трета награда** се наградува: **Лорета Ташевска** ученичка во ООУ„Никола Вапцаров" од Струмица.

II

**Во категоријата – основни училишта од 5-9 одделение** се наградуваат литературно-поетските состави и тоа:

**Со прва награда** се наградува: **Лорета Бонева** ученичка во ООУ„Борис Трајковски"с.Моноспитово;

**Со прва награда** се наградува: **Хавле Јусеинова** ученичка во ООУ„Маршал Тито" од Струмица;

**Со втора награда** се наградува: **Ана Георгиева** ученичка во ООУ„Никла Вапцаров" од Струмица;

**Со трета награда** се наградува: **Александра Стоилова** ученичка во ООУ„Св.Кирил и Методи" с.Иловица.

**III**

**Во категоријата –** средни училишта се наградуваат литературно-поетските состави и тоа:

**Со прва награда:Магдалена Златанова**, ученичка во ПСУ„Јахја Кемал“-Струмица;
**Со втора награда :Илијана Ѓоргиева**,ученичка во СОУ„Јане Сандански“-Струмица;
**Со втора награда: Мила Стојанов**,ученичка во СОУ„Јане Сандански“-Струмица;

**Со трета награда :Бојана Здравева**,ученичка во ПСУ„Јахја Кемал“-Струмица.

**IV**

**Во категоријата – возрасни творци** се наградуваат :
**Со прва награда**: **Ице Беличев**
**Со втора награда: Наташа Цонева Лазаревска**
**Со трета награда: Дијана Димитрушева**

Член 2

Наградите ќе се доделат во Локалната установа библиотека „Благој Јанков - Мучето“ Струмица.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-7765/13
01.12.2016 год.
С т р у м и ц а

Комисијата за општествени дејности
Претседател,
Петар Божинов с.р.